


# ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ – РЕГИОНАЛЕН СОСТАНОК ЗАПАДЕН БАЛКАН

## 14-15 ноември 2024, Тирана

- **Учесници:** високи претставници од владите, лидери на граѓанското општество и носители на политикид
- **Цел:** платформа за споделување искуства, најдобри практики и новости во иницијативите за отворено владеење низ регионот
- **Клучни области**:
  - Антикорупциски реформи
  - Дигитална трансформација
  - Заштита на граѓанскиот простор
  - Активна улога на парламентите







# 6 КЛУЧНИ ЗАКЛУЧОЦИ

# 1 Политичко лидерство и посветеност клучно за унапредување на агендата на ПОВ

- Министерот за јавна администрација Горан Минчев, учествуваше на министерскиот панел, каде владините претставници ги истакнаа важните аспекти на нивната реформска агенда

- Албанија: Новата владина Стратегија за борба против корупцијата (2024-2030)
- Босна и Херцеговина: Регулирање на финансирањето на политичките партии и конфликтот на интереси
- Косово: Локални реформи вклучувајќи декларации за имот, дигитализација на услуги и поврзување на финансиската поддршка со учинокот на општините
- Црна Гора: Пристап до информации и надградба на порталите за отворени податоци и е-партиципација
- Северна Македонија: Пристап на отворена држава со заеднички заложби од владата, парламентот и судството
- Србија: Механизми за учество на јавноста, вклучувајќи жалбени механизми и електронска граѓанска иницијатива



# 2 Пристапувањето кон ЕУ како двигател за реформи




André Rizzo, Head of the Political Section at the EU Delegation to Tirana

- Усогласеност меѓу вредностите на ЕУ и реформите во антикорупција, правда и пристап до информации
- Важноста на мултисекторскиот дијалог за креирање инклузивна и одговорна рамка за управување

# 3 Справување со корупцијата преку градење политички интегритет

- Повеќе од 100 антикорупциски заложби во ПОВ акциските планови, но корупцијата останува клучен предизвик
  - системски проблеми како политички отпор, пристап до податоци и правни недоследности
- ГОи споделија искуства и стратегии за справување со корупцијата преку механизми за отворено владеење:
  - транспарентност на јавните набавки, откривање на сопственичка структура и реформи во финансирањето на политиките.

# 4 Дигитална трансформација и отворено владеење – предизвици и можности

- Имплементација на дигитални алатки и вештачка интелигенција за добро владеењето и борба против корупцијата мора да вклучува заштита на приватноста, транспарентност и безбедносни мерки.
  - Мила Јосифовска Даниловска (Фондација Метаморфозис) дискутираше за иновации во дигиталното управување и етичката употреба на нови технологии
- Приоритети при дигитализација на јавните услуги и отворените податоци - вклученост на граѓаните, дигитална писменост и инклузивност.



# 5 Отворен граѓански простор - основа за отворено владеење

- Зголемен притисок врз ГОи во регионот – се поголем јаз меѓу законските права и практичната имплементација, особено во однос на основните слободи, финансирањето на граѓанските организации и соработката со државата.
  - Ања Босилкова-Антовска (Балканска мрежа за развој на граѓанското општество) дискутираше за предизвиците на ГОи во регионот и препораките за заштитување и унапредување на граѓанскиот простор
- Клучна улога на ГОи во следење на владините податоци, учество во креирање на политики и застапување за транспарентност и отчетност.



6

# Улогата на отворените парламенти

- Клучни препораки: усвојување дигитални алатки за учество на граѓаните, подобрување на јавниот надзор врз парламентот и продолжување на вклученоста на ГОи во следењето и поддршката на законодавните реформи.
- Потреба од правни реформи, посилна политичка волја и меѓународна поддршка за да се обезбеди одржлив напредок во реформите и практиките на отворено владеење



# ШТО ПОНАТАМУ?



- OGP's Open Gov Challenge е еден од клучните механизми за поддршка на повисоки амбиции и посилни резултати, во кој членовите се силно охрабрени да учествуваат.
- Следниот глобален самит на ПОВ во Шпанија во 2025 година ќе биде значајна можност за презентирање на овие нови напори.